**20160682016**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.209/15), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија”, бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16 и 53/16), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија”, бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13,151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија”, бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13,149/15 и 39/16) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на РепубликаМакедонија”, бр.7/08, 116/10, 23/13,149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.4.2016 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2016 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“, бр. 2/2016)во делот I во табелата во првиот ред по зборот „стопанства“ се додаваат зборовите „и на откупувачи на земјоделски производи“.

Во мерката број 1 износот „2.000.000.000“ се заменува со износот „1.950.000.000“. По мерката број 1 се додава нова мерка број 1-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1-а. | Директни плаќања за за откупена пченица од род 2015 од домашно производство | 50.000.000 |

Во мерката број 2.износот „1.011.400.000“ се заменува со износот„511.400.000,00“. Во мерката број 10 износот „2.900.000.000“ се заменува со износот „3.400.000.000“.

II

Во дел II во воведната реченица износот „2.000.000.000“ се заменува со износот „1.950.000.000“.

III

Во дел III во воведната реченица износот „1.011.400.000“ се заменува со износот „511.400.000,00“.

IV

Во дел XI износот „2.900.000.000“ се заменува со износот „3.400.000.000“.

V

Во дел XIII по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Корисници на мерката 1-а. од оваа програма се откупувачите на пченица запишани во регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои извршиле откуп на пченица од род 2015 година од домашно производство врз основа на договор за откуп согласно член 32 од Закон за земјоделство и рурален развој.“

VI

Во дел XV во табелата во колоната „број на мерка“ по точката 1 се додава нова точка 1-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1-а. | | август 2016 |

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-3234/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.